**20180210300**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16 и 74/17), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 30.1.2018 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2018 ГОДИНА

Член 1

**Предмет на уредување**

Со оваа уредба се пропишуваат поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година.

Член 2

**Поблиски критериуми по површина земјоделско земјиште, единица земјоделски производ и грло добиток, висина на директни плаќања**

(1) Поблиските критериуми по површина земјоделско земјиште, единица земјоделски производ и грло добиток, како и висината на директните плаќања во зависност од видот на културата, класата и квалитетот на земјоделскиот производ и видот на добитокот, се утврдуваат по области согласно подмерките утврдени согласно дел II и дел III од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година.

(2) Поблиските критериуми во растителното производство од дел II од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година по површина земјоделско земјиште, единица земјоделски производ и висината на директните плаќања во зависност од видот на културата се следни:

| Бр. на под-мерка | Име на подмерката | Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања |
|---|---|---|
| 1.1. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури освен тутунот | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои во производна 2017/2018 година имаат засеани и ожнеани површини со следните култури: пченица, јачмен, пченка, `рж, овес, ориз, тритикале, хељда, сирак, просо, хмељ, лен, леќа, кикирики, соја, сончоглед, маслодајна репка, добиточна репка, афион, шеќерна репка, памук, граор, еспарзета, добиточен грашок и наут (слануток), за засеана или одржувана површина со луцерка;<br>- Минимум засеана површина збирно за сите култури е 0,3 ха во производната 2017/2018 година;<br>-Висината на директните плаќања за пченица, јачмен, пченка, рж, овес, ориз, тритикале, сирак, соја, сончоглед, маслодајна репка, афион, памук, граор, еспарзета, добиточен грашок и луцерка изнесува 12.000 денари по хектар, односно 14.400 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 5 хектари до максимум 50 хектари со задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал согласно минимално употребената количина на семе по хектар, Табелата за минимално употребената количина на семе по хектар е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на оваа уредба;<br>-Висината на директните плаќања за сите наведени култури согласно алинеја 1 од оваа подмерка изнесува 6.000 денари по хектар без задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал;<br>-Висината на поддршката од алинеите 3 и 4 од оваа подмерка се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: од 0,3 ха до 10 ха 100%, од 10 ха до 50 ха 60%, од 50 ха до 100 ха 30% и над 100 ха 10% збирно за сите култури. |
| 1.2. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со големина од 5 до 50 хектари | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои во производна 2017/2018 година имаат засеани со сертифициран материјал и ожнеани површини со поледелски култури со пријавена површина од 5 до 50 ха збирно за следните култури: јачмен, пченица, рж, овес и сончоглед, а се корисници од подмерка 1.1. на оваа уредба.<br>Оствареното производство да е продадено во преработувачки капацитети вклучително и произведените жита за потребите на сопственоит преработувачки капацитет, а запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи.<br>-Висината на поддршката е условена со остварени просечни приноси над: 4.000 кг/ха за пченица, 3.000 кг/ха за јачмен, 3.000 кг/ха за `рж, 3.000 кг./ха за овес и 1.800 кг./ха за сончоглед;<br>-Висината на директните плаќања за засеана површина со сертифиран семенски материјал од јачмен, пченица, рж, овес и сончоглед изнесува 5.760 денари по хектар. |
| 1.3. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со добиточна храна | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои во производната 2017/2018 година имаат засеани и ожнеани површини со следните култури: јачмен, рж, пченка, овес, тритикале, сирак, просо, соја, маслодајна репка, добиточна репка, граор, еспарзета, добиточен грашок, за засеана или одржувана површина со луцерка и се корисници од подмерка 1.1. на оваа уредба;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 1.000 денари по хектар, односно 3.000 денари по хектар за земјоделски стопанства сопријавена површина за финансиска поддршка од минимум 5 хектари до максимум 50 хектари со употреба на сертифициран семенски материјал за сите култури од алинеја 1 од оваа подмерка.<br>За пченката се применува и дополнителен критериум примена на систем за наводнување. |
| 1.4. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со сончоглед, ориз и афион | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат засеани и ожнеани површини со сончоглед, ориз и афион и се корисници од подмерка 1.1. на оваа уредба;<br>-Висината на директните плаќања за засеани површини со сертифициран семенски материјал од сончоглед, ориз и афион изнесува 3.000 денари по хектар;<br>-Висината на директните плаќања за засеани површини со сертифициран семенски материјал од сончоглед со примена на системи за наводнување изнесува 6.000 денари по хектар. |
| 1.5. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарско производство на отворено и во пластеници | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засеани и ожнеани површини со следниве градинарски култури: домати, пипер, лубеница, диња, тиква, грав, боранија, грашок, компир, краставици, корнишони, зелка, кељ, кромид, лук, праз, тиквички, зелена салата, брокула, спанаќ, карфиол, модар патлиџан, морков, целер, цвекло, пашканат, аспарагус, ротквици, цвеќе и засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија и за одржување на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија.<br>-Минимум 0,2 ха засеана површина за секоја градинарска култура одделно;<br>-Висината на директните плаќања за домат, краставица пипер, компир, за режано цвеќе, грав, боранија, грашок, корнишони, зелка, кељ, кромид, лук, праз, зелена салата, брокула, спанаќ, карфиол, модар патлиџан, морков, целер, цвекло, тиквички, пашканат, аспарагус, ротквици и засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија и за одржување на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија изнесува 30.000 денари по хектар, односно 36.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансика поддршка од минимум 0,7 хектари до максимум 5 хектари, а за лубеница, диња, тиква изнесува 6.000 денари по хектар, односно 6.600 денари по хектар за земјоделски стопанства со површина од минимум 1,5 хектар до максимум 5 хектари.<br>-Висината на поддршката од алинеја 3 од оваа подмерка се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: од 0,2 ха до 10 ха 100%, од 10 ха до 50 ха 60%, од 50 ха до 100 ха 30% и над 100 ха 10% за секоја култура одделно.<br>-Листата на засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија кои се предмет на директни плаќања за алинеја 3 од оваа подмерка е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на оваа уредба. Листата на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенијакои се предмет на директни плаќања за алинеја 3 од оваа подмерка е дадена во Прилог 3 кој е составен дела на оваа уредба. |

| | | |
|---|---|---|
| 1.6. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.5. за производство под контролирани услови на домати, пиперки, краставици и режано цвеќе | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства производители на домати, пиперки, краставици и режано цвеќе во затворени простории под контролирани услови и се корисници од подмерка 1.5. на оваа уредба;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 99.000 денари по хектар за производство во контролирани услови и производството да е продадено на домашен пазар или остварен извоз во период од 1 јануари до 15 мај 2018 година во следните минимални количини:<br>-за оранжерии кои се загреваат: домати 40.000 килограми по хектар, пиперки 20.000 килограми по хектар, и краставици 80.000 килограми по хектар и<br>-за пластеници кои се загреваат: домати 8.000 килограми по хектар, пиперки 4.000 килограми по хектар и краставици 16.000 кг/хектар. |
| 1.7. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.5.за градинарски култури предадени во преработувачки капацитети | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засадени површини со градинарски култури и се корисници од подмерка 1.5. на оваа уредба, оствареното производство да е предадено во преработувачки капацитети за зеленчук директно или преку еден регистриран откупувач во период од 26 декември 2017 година до 25 декември 2018 година, вклучително и произведените градинарски култури за потребите на сопствениот преработувачки капацитет, запишан во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 3 денари по килограм. |
| 1.8. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за производство на декоративни и брзорастечки садници | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засеани површини со декоративни садници и брзорастечки садници.<br>-Декоративните и брзорастечките садници кои се предмет на директни плаќања за оваа подмерка се наведени во Табела на декоративни и брзорастечки садници дадена во Прилог 4 кој е составен дел на оваа уредба;<br>-Висината на директните плаќања е 6.000 денари на хектар. |
| 1.9. | Директни плаќања по обработлива површина за одржување на постоечки овошни насади | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат минимум 0,2 ха површина со постоечки овошни насади за секој овошен вид посебно и се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства и не поднеле барање за користење на средства за подигање на нови површини со овошни насади за истите катастарски парцели по Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година;<br>-Прифатлив минимален број на овошки по хектар за секој овошен вид одделно е даден во Табела за минимален број на овошки по хектар за постоечки производни овошни насади по овошни видови во Прилог 5 кој е составен дел на оваа уредба;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 99.000 денари по хектар за јагоди одгледувани во контролирани услови (оранжерија или пластеник);<br>-Висината на директните плаќања изнесува 33.000 денари по хектар, односно 39.600 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 1 хектар до максимум 5 хектари за: јаболко, круша, слива, праска, вишна, кајсија, цреша, јагода на отворено, малина, капина и боровинка;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 25.000 денари по хектар, односно 30.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка до минимум 1 хектар и максимум 5 хектари за: дуња, мушмула, актинија, маслинка, калинка, јапонско јаболко, смоква, аронија, шип, рибизла, гоџи бери, бадем и лешник;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 15.000 денари по хектар, односно 18.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 1 хектар до максимум 5 хектари за: ореви и питоми костени.<br>-Висината на директните плаќања од оваа точка процентуално се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа за секој вид одделно: од 0,2 ха до 5 ха 100%, од 5,1 ха до 30 ха 60%, од 30,1 ха до 50 ха 30% и над 50 ха 10%. |
| 1.10. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.9. за овошни култури предадени во преработувачки капацитет | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засадени површини со овошни видови и се корисници од подмерка 1.9. на оваа уредба, оствареното производство на овошје да е предадено во преработувачки капацитети за овошје директно или преку еден регистриран откупувач во период од 26 декември 2017 година до 25 декември 2018 година, вклучително и произведените овошни култури за потребите на сопствениот преработувачки капацитет, запишан во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 3,00 денари по килограм. |
| 1.11. | Дополнителни директни плаќања по површина за реконструирани овошни насади заради промена на сортна структура | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засадени површини со овошни видови, се корисници од подмерка 1.9. на оваа уредба и кои имаат реконструирано овошен насад за промена на сортна структура со пресадување во 2016 година и/или 2017 година;<br>-Висината на дополнителни директните плаќања изнесува 9.900 денари по хектар реконструиран насад за: јаболко, круша, слива, праска, вишна, кајсија и цреша;<br>-Висината на дополнителни директните плаќања изнесува 7.500 денари по хектар реконструиран насад за:<br>дуња, мушмула, актинија, маслинка, калинка, јапонско јаболко, смоква, бадем и лешник;<br>-Висината на дополнителни директните плаќања изнесува 4.500 денари по хектар реконструиран насад за: ореви и питоми костени. |
| 1.12. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат површини под лозови насади и се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства;<br>-Минималната површина под лозови насади е 0,2 ха а минималниот потребен број на садници е 1.389 садници по хектар, за лозови насади подигнати до пролет 2017 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 40.000 денари по хектар односно 48.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 1 хектар до максимум 10 хектари;<br>-Висината на поддршката од алинеја 3 од оваа мерка се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: од 0,2 ха до 5 ха 100%, од 5,1 ха до 30 ха 60%, од 30,1 ха до 50 ха 30% и над 50 ха 10% збирно за сите сорти. |
| 1.13. | Дополнителни директни плаќања по површина за реконструирани лозови насади заради промена на сортна структура | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат површини под лозови насади, се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства, се корисници на мерката 1.12. на оваа уредба и кои имаат реконструирано лозов насад за промена на сортна структура со пресадување во 2016 година и/или 2017 година;<br>-Висината на дополнителни директните плаќања изнесува 12.000 денари по хектар реконструиран лозов насад. |

| | | |
|---|---|---|
| 1.14 | Директни плаќања за произведен и продаден необработен тутун од реколта 2017 година | -Корисници на оваа подмерка се физички и правни лица кои своето производство на тутун од реколта 2017 година го продале во регистрирано откупно претпријатие согласно Закон за тутун и тутунски производи;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 80 денари по килограм за I класа, 70 денари по килограм за II класа, 60 денари по килограм за III класа. |
| 1.15. | Директни плаќања за производство на домашен сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација за житни, индустриски, градинарски култури и компир | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал кои имаат произведен семенски материјал во 2018 година согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија и имаат добиено конечни сертификати.<br>-Произведен во 2018 година и продаден во минимум количина од 50% од оствареното производство согласно издадениот конечен сертификат за семенскиот материјал.<br>-Минимална прифатлива сертифицирана количина за житни култури е 2,5 тони по хектар пријавена површина;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 20.000 денари по хектар за прва генерација (Ц1) и 5.000 денари по хектар за втора генерација (Ц2) освен за тутун каде што висината на директните плаќања изнесува 60.000 денари по хектар. |
| 1.16. | Директни плаќања за производство на домашен лозов и овошен саден материјал | -Корисници на оваа подмерка се правни лица запишани во Регистарот на снабдувачи за саден материјал кои имаат произведен лозов и/или овошен саден материјал во 2018 година согласно Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија и имаат добиено сертификат за конечно сертифициран саден материјал;<br>-Произведени и продадени домашени лозови и/или овошни садници најдоцна до 31 март 2019 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 30 денари по лозов и/или овошен садник од категоријата CAC (стандарден) саден материјал за произведени и продадени садници, вклучително и садници кои се употребени за сопствени потреби;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 35 денари по лозов и/или овошен садник од повисока категорија на сертифициран саден материјал за произведени и продадени садници, вклучително и садници кои се употребени за сопствени потреби. |
| 1.17. | Директни плаќања за производство на сертифициран посадочен материјал за градинарски производи | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства запишани во Регистарот на снабдувачи на саден материјал со минималниот произведен капацитет од 500.000 млади растенија годишно и кои имаат произведен и продаден посадочен материјал за градинарски производи на домашен пазар во 2018 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 6 денари по продадено младо растение со максимална продажна цена на услугата за подигање на посадочниот материјал од 6 денари по растение и кое е произведено во оранжерии наменети исклучиво за производство на расаден материјал во санитарно-исправни безвирусни услови со: употреба на сертифициран елитен хибриден семенски материјал; спроведено Интегрирано управување за справување со штетници за следење на заболувања(Integrated Pest Management System); на подигнати табли за одгледување на растенијата од површината на земјата за најмалку 80 см и покриен под; со компјутеризирани сите оперативни системи: системот за наводнување, за контрола на присаство на штетници, инсекти и болести, систем за климатско одржување на потребните услови, и систем за машинско засадување; и во заштитени од контаминација логистички системи на дотур на суровини и складирање на расадот. |
| 1.18. | Директни плаќања за производство на предосновен и основен семенски материјал за житни култури | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал и кои имаат произведен и продаден предосновен и основен семенски материјал за житни култури во 2018 година согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија;<br>-Висината на директните плаќања за произведен и продаден семенски материјал, вклучително и употребениот за сопствени потреби предосновен семенски материјал изнесува 20 денари по килограм, а за основен семенски материјал од прва репродукција изнесува 10 денари по килограм. |
| 1.19. | Дополнителни директни плаќања од подмерки 1.5., 1.9. и 1.12. за поддршка на промената на типот на производство од житни култури во градинарски култури, овошни и лозови насади за вкупни површини по стопанство помали од 5 ха | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства кои се корисници на подмерките 1.5., 1.9. и 1.12. на оваа уредба со сите евидентирани парцели во Единствениот регистар на земјоделски стопанства, а кои во претходните три последователни години добивале финансиска поддршка исклучиво за житни култури од подмерка 1.1. на оваа уредба.<br>-Висината на директните плаќања изнесува дополнителни 30% од поддршката обезбедена за подмерките 1.5., 1.9. и 1.12. на оваа уредба.<br>-Финансиската поддршка ќе се исплаќа во времетраење од пет последователни години од годината на преминување од производство од подмерка 1.1. во производство од подмерките 1.5., 1.9. и 1.12. на оваа уредба. |

(3) Поблиските критериуми во сточарското производство од дел III од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година по грло добиток и висината на директните плаќања во зависност од видот на добитокот се следни:

| Бр. на подмерка | Име на подмерката | Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања |
|---|---|---|
| 2.1. | Директни плаќања за обележани грла говеда | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда, ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на говеда и истите ќе ги чуваат најмалку до 30.09.2018 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 2.800 денари по грло, односно 3.100 денари по грло за земјоделски стопанства со пријавен број на грла за финансиска поддршка од минимум 5 до максимум 20 грла. Бројот на обележани грла се пресметува скалесто и тоа: од 1 грло до 100 грла 100%, од 101 грла до 150 грла 70%, од 151 грла до 300 грла 40% и над 301 грла 20%. |
| 2.2. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.1. за основни стада за производство на говедско месо | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда и се корисници од подмерка 2.1 на оваа уредба, имаат минимум 30 грла говеда обележани и евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на говеда, и воедно не се корисници на директните плаќања од подмерка 2.3. на оваа уредба;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 1.500 денари и се исплаќа за женско грло говедо кое е на возраст од 12 до 24 месеци на 30.09.2018 година. |
| 2.3. | Директни плаќања за произведено и предадено кравјо, овчо и козјо млеко | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства – производители на кравјо, овчо и козјо млеко регистрирани како одгледувачи на говеда, овци и кози во Регистарот на одгледувалишта на одредени видови животни (говеда, овци и кози) и сопственото производство и го имаат предадено на регистриран откупувач на сурово млеко за период од октомври 2017 година до септември 2018 година, запишан во регистарот на откупувачи на земјоделски производи;<br>-Корисници на оваа подмерка се и земјоделските стопанства – производители на кравјо, овчо и козјо млеко регистрирани како одгледувачи на говеда, овци и кози во Регистарот на одгледувалишта на одредени видови животни (говеда, овци и кози) за произведеното млеко за период од октомври 2017 година до септември 2018 година, за потребите на сопствениот преработувачки капацитет запишан во регистарот на откупувачи на земјоделски производи;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 3,5 денари по литар произведено и предадено кравјо млеко на преработувачки капацитети запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи и 4 денари по литар произведено и предадено овчо и козјо млеко на преработувачки капацитети запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи. |
| 2.4. | Директни плаќања за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледале и продале или заклале говеда во преработувачки капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло, за период од мај 2017 година до април 2018 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 1.500 денари по продадено или заклано грло говедо. |
| 2.5. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.4 за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет за производство на месо | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледале и продале или заклале говеда во преработувачки капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло и се корисници од подмерка 2.5 на оваа уредба, грлата говеда да не се помлади од осум месеци и да не се постари од 18 месеци на денот на колење и да се од следните раси: сименталско, оберинталско, монтафонско, херефорд, шароле, буша и мелези;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 4.000 денари по продадено или заклано грло говедо. |
| 2.6. | Директни плаќања за добиено теле по пат на В/О | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на регистрирани говеда и се корисници од подмерка 2.1 од оваа уредба кои имаат оплодена крава/јуница по пат на В/О и добиено и регистрирано теле во период мај 2017– април 2018 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 1.200 денари по добиено и регистрирано теле;<br>-Висината на директните плаќања за добиено и регистрирано женско теле по пат на примена на полово преддефинирано семе (sex semen) изнесува 2.500 денари. |
| 2.7. | Директни плаќања за обележани грла овци од сите категории | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства одгледувачи на овци кои поседуваат минимум 30 грла овци од сите категории евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на овци и истите ќе ги чуваат најмалку до 30.09.2018 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 1.000 денари по грло, односно 1.100 денари по грло за земјоделски стопанства со пријавен број на грла за финансиска поддршка од минимум 101 до максимум 500 грла за сите категории и возрасти. |
| 2.8. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.7 за задржано женско јагне | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на овци и се корисници од подмерка 2.8. на оваа уредба;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 700 денари по грло и се исплаќа за женско јагне кое на 30.09.2018 година е на возраст од шест до 18 месеци. |
| 2.9. | Директни плаќања за обележани грла кози | -Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства одгледувачи на кози кои поседуваат најмалку 10 грла кози од сите категории евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на кози и истите ќе ги чуваат до 30.09.2018 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 1.000денари по грло, односно 1.100 денари по грло за земјоделски стопанства со пријавен број на грла за финансиска поддршка од минимум 50 до максимум 150 грла за сите категории и возрасти. |
| 2.10. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.9 за задржано женско јаре | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на кози и се корисници од подмерка 2.9 на оваа уредба;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 700 денари по грло и се исплаќа за женско јаре кое на 30.09.2018 година е на возраст од шест до 18 месеци. |
| 2.11. | Директни плаќања за женски приплодни грла-маторици | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат женски приплодни грла-маторици и поседуваат минимум две грла маторици и истите ќе ги чуваат најмалку до 30.09.2018 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 1.000 денари по грло-маторица, односно 1.100 денари по грло-маторица за земјоделски стопанства со пријавен број на грла-маторици за финансиска поддршка од минимум 6 до максимум 50 грла-маторици. |

| | | |
|---|---|---|
| 2.12. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.11 за уматичено грло-маторица | Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на маторици и се корисници од подмерка 2.11 на оваа уредба;<br>-Земјоделските стопанства да се членови или се Призната организација на одгледувачи на свињи, а приплодното грло маторица на денот на поднесување на барањето за финансиска поддршка да е заведено во матична книга;<br>-Земјоделското стопанство да е со минимални капацитети од 50 грла;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 20% по уматичено грло од утврдената висина на поддршка во поддмерка 2.11. на оваа уредба. |
| 2.13. | Директни плаќања за одгледани и заклани гоеници во регистрирани кланични капацитети | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледале и продале или заклале најмалку 5 гоеници во период од мај 2017 година до април 2018 година во преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло;<br>-Висината на директните плаќања за гоеници со тежина од 90 до 120 килограми по грло изнесува 1.000 денари по грло.Бројот на грла се пресметува скалесто и тоа: од 5-5.000 грла 100%, од 5.001 до 15.000 грла 80%и над 15.000 грла 40%.<br>-Висината на директните плаќања за гоеници со минимална тежина од 121 килограми по грло изнесува 2.000 денари по грло. Бројот на грла се пресметува скалесто и тоа: од 5-5.000 грла 100%, од 5.001 до 15.000 грла 80% и над 15.000 грла 40%. |
| 2.14. | Директни плаќања за одгледани и заклани бројлери во регистрирани кланични капацитети | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат одгледани и продадени или заклани бројлери во период од мај 2017 година до април 2018 година во преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 33 денари по пиле. |
| 2.15. | Директни плаќања за несилки внесени во капацитет за производство на јајца | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства -производители на јајца, кои се запишани во Регистарот на одгледувалишта на животни;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 100 денари за купена и внесена несилка во одгледувалиште на кокошки несилки за производство на јајца во период од октомври 2017 година до септември 2018 година, односно за внесени несилки кои се одгледани од еднодневни пилиња на самото стопанство. |
| 2.16. | Директни плаќања за амортизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат одгледани и продадени или заклани амортизирани несилки во период од мај 2017 година до април 2018 година во преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 25 денари по несилка. |
| 2.17. | Директни плаќања за произведени еднодневни бројлерски пилиња и еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои произвеле за сопствени потреби или продале еднодневни бројлерски пилиња и еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди во период од мај 2017 година до април 2018 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 3 денари по пиле за сопствени потреби и<br>-Висината на директните плаќања изнесува 5 денари за продадено пиле. |
| 2.18. | Директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои поседуваат минимум 35 регистрирани презимени пчелни семејства;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 600 денари по пчелно семејство, односно 800 за оние земјоделски стопанства со пријавен број на пчелни семејства за финансиска подршка од минимум 50 до максимум 100 пчелни семејства.<br>-Задолжително одржување на бројот на пријавените презимени пчелни семејства е до 30.09.2018 година. |
| 2.19. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.18. за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства запишани во Регистерот на одгледувалишта на пчели и се Одобрени институции (одгледувалишта на пчелни матици)<br>-Висината на директните плаќања изнесува 1.000 денари по пчелно семејство кое е во контрола и е вклучено во селекција за производство на пчелни матици. |
| 2.20. | Дополнителни директни плаќања за зголемен пријавен број на грла во основно стадо, несилки и пчелни семејства од бројот за кој е исплатена финансиска поддршка од претходната календарска година подмерките 2.1, 2.7 , 2.9, 2.11, 2.15 и 2.18. | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат пријавено зголемен број на грла во основното стадо, несилки и пчелни семејства од претходната година, запишани се во Регистарот на одгледувалишта на животни и Регистарот на одгледувалишта на пчели и се корисници од подмерките 2.1, 2.7 , 2.9, 2.11, 2.15 и 2.18 на оваа урдба;<br>-Висината на директните плаќања изнесува од 30% од утврдената во основните подмерки 2.1, 2.7 , 2.9, 2.11, 2.15 и 2.18 на оваа уредба и се однесува на зголемениот број. |

(4) Поблиските критериуми за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство од дел II, код на мерка 211 и за органското производство од дел II, код на мерка 214 и 215 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, како и висината на директните плаќања се следни:

1) За директни плаќања за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство:

-Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства кои вршат земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство и се корисници од подмерките 1.1., 1.2, 1.3., 1.4., 1.5., 1.7., 1.9., 1.10. и 1.12. од став (2) и подмерките 2.1., 2.4., 2.6., 2.7., 2.9., 2.11., 2.13., 2.14., 2.15., 2.16., 2.17. и 2.18.. од став (3) од овој член.

-Висината на директни плаќања за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство е 15% од директни плаќања утврдени во оваа уредба и се доделува на следниот начин:

-директни плаќања по површина обработено земјоделско земјиште кај сите пријавени парцели кои се наоѓаат на надморска висина поголема од 700 метри согласно Системот за идентификација на земјишни парцели за подмерките 1.1., 1.2., 1.3., 1.4, 1.5, 1.9. и 1.12. од став (2) од овој член.

-директни плаќања по единица земјоделски производ од растително потекло кој е произведен на земјоделско земјиште кај сите пријавени парцели кои се наоѓаат на надморска висина поголема од 700 метри согласно Системот за идентификација на земјишни парцели за подмерки 1.7. и 1.10. од став (2) и точка 4) од овој став.

-директни плаќања по грло добиток, несилка и пчелно семејство за регистрирани одгледувалишта во населени места со надморска висина поголема од 700 метри или со број на жители помал од 100 за подмерките 2.1., 2.4., 2.6., 2.7., 2.9., 2.11., 2.13., 2.14., 2.15., 2.16., 2.17. и 2.18. од став (3) од овој член.

2) За дополнителни директни плаќања за подмерките од ставовите (2) и (3) на овој член сертифицирани како растително и сточарско органско производство и производство во преод.

- Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства кои имаат сертифицирано растително и сточарско органско производство и производство во преод согласно Законот за органско земјоделско производство.

- Висината на директните плаќања се зголемува за 30% во однос на директните плаќања предвидени во подмерките 1.3., 1.4., 1.8., 1.15., 1.16., 1.17. и 1.18 од став (2) на овој член.

- Висината на директните плаќања се зголемува за 50% во однос на директните плаќања предвидени во подмерка 1.1. од став (2) алинеја 3 на овој член и подмерките 2.1., 2.4., 2.7., 2.9., 2.11., 2.13., 2.14., 2.15., 2.16. и 2.18 од ставот (3) на овој член.

- Висината на директните плаќања се зголемува за 70% во однос на директните плаќања предвидени во подмерките 1.9., 1.10., 1.11., 1.12. и 1.13. од став (2) на овој член за овоштарското и лозарското производство висината на директните плаќања се пресметува скалесто и тоа: од 0,1 ха до 10 ха 100%, од 10,1 ха до 40 ха 60%, од 40,1 ха до 60 ха 30% и над 60 ха 10%.

- Висината на директните плаќања се зголемува за 100% во однос на директните плаќања предвидени во подмерките 1.5. и 1.6 од ставот (2) на овој член.

3) За директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред

- Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства кои имаат површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред.

- Оваа мерка се однесува за површини на кои се одгледуваат тревни смеси кои служат за зелено ѓубрење или пак површините не се користат за земјоделско производство (се оставаат за угар во плодоред), со исклучок на површините на кои угарот се применува повеќе од една година на иста површина.
- Висината на директните плаќања изнесува 3.500 денари по хектар.

4) За директни плаќања за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло).

- Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои имаат произведено преработки од примарни земјоделски органски производи или производи во преод од домашно потекло или пак имаат извршено доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло и истите ги имаат продадено.
- Висината на директните плаќања изнесува 2% од вредноста на произведените и продадени производи со максимален износ до 150.000,00 денари по оператор.

5) За директни плаќања за трговија или извоз на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло.

- Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои вршат трговија или извоз на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло.
- Висината на директните плаќања изнесува 5% од вредноста на продадени/извезени производи со максимален износ до 150.000денари по оператор.

6) За посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација

- Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи од областа на органското земјоделско производство кои имаат добиено сертификат од овластено тело во 2018 година.
- Висината на директните плаќања изнесува 50% од трошоците за добиен сертификат издаден од овластено тело во 2018 година.

7) За посебни директни плаќања за анализа на својства на почва и производ кај земјоделски стопанства кои имаат извршени агрохемиски, педолошки или анализи на остатоци од пестициди, тешки метали и др. материи на почва и во органски производи во 2018 година.

- Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои имаат извршени агрохемиски, педолошки или анализи на остатоци од пестициди, тешки метали и др. материи на почва и во органски производи во 2018 година.
- Висината на директните плаќања изнесува 70% од трошоците за анализа без данок на додадена вредност, но не повеќе од 9.000 денари по земјоделско стопанство.

8) Директни плаќања за грла говеда од автохтона раса Буша.

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда од расата Буша и имаат најмалку пет уматичени грла говеда од расата Буша обележани и евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на говеда и запишани во матична книга на Признатa организација на одгледувачи на говеда од расата Буша на денот на поднесувањето на барањето;
- Земјоделските стопанства да се членови на Признатa организација на одгледувачи на говеда од расата Буша и во 2017 година да ги спроведувале мерките и активностите од одгледувачката Програма на Признататa организација на одгледувачи на говеда од расата Буша;

-Висината на директните плаќања изнесува 2.000 денари и се исплаќа за уматичено грло говедо од расата Буша и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2018 година.

9) Директни плаќања за грла овци од автохтона раса Праменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска)

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои се одгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска) и имаат минимум 50 уматичени грла овци од расата Праменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска), обележани и евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на овци и запишани во матична книга на Призната организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска) на денот на поднесувањето на барањето;

-Земјоделските стопанства да се членови на Призната организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска) и во 2017 година да ги спроведувале мерките и активностите од одгледувачката Програма на Призната организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска);

-Висината на директните плаќања изнесува 550 денари по грло и се исплаќа за уматичено грло овца и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2018 година.

10) Директни плаќања за грла кози од автохтона раса Балканска коза.

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои се одгледувачи на кози од расата Балканска коза и имаат минимум 50 уматичени грла кози од расата Балканска коза, обележани и евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на овци и кози и запишани во матична книга на Призната организација на одгледувачи на кози од расата Балканска коза на денот на поднесувањето на барањето;

-Земјоделските стопанства да се членови на Призната организација на одгледувачи на кози од расата Балканска коза и во 2017 година да ги спроведувале мерките и активностите од одгледувачката Програма на Призната организација на одгледувачи на кози од расата Балканска коза;

-Висината на директните плаќања изнесува 550 денари по грло и се исплаќа за уматичено грло кози и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2018 година.

11) Директни плаќања за одгледување на стопанско корисно автохтоно овчарско куче Шарпланинец.

-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои одгледуваат овци и кози, кои поседуваат најмалку 50 грла овци и/или кози евидентирани во Регистарот на овци и кози, и се сопственици на педигрирани кучиња од расата Шарпланинец на кои е извршена идентификација со микрочип на денот на поднесување на барањето;

-Максимален број е седум пријавени кучиња по земјоделско стопанство;

-Висината на директните плаќања изнесува 3.000 денари по куче и се исплаќа за куче од расата Шарпланинец кое е на возраст над шест месеци на 30.09.2018 година.

12) Директни плаќања за грла говеда од родот Бивол.

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда од раса Бивол, ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на говеда и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2018 година;

-Висината на директните плаќања изнесува 4.500 денари по грло.

(5) Утврдениот минимум површина земјоделско земјиште и број на минимум грла добиток вклучително и минимум пчелни семејства во оваа уредба се намалува за 50% и тоа:

-За земјоделски стопанства кај кои сите пријавени парцели се наоѓаат на надморска висина поголема од 700 метри согласно Системот за идентификација на земјишни парцели и се применува за подмерките 1.1., 1.5., 1.9. и 1.12. од став (2) од овој член.

-За земјоделски стопанства кај кои сите пријавени одгледувалишта се регистрирани во населени места со надморска висина поголема од 700 метри или со број на жители помал од 100 и се применуваат за подмерките 2.7. и 2.9. од став (3) на овој член, со исклучок на подмерка 2.13. од став (3) од овој член за која утврдениот минимум е 2 грла и подмерка 2.18. од став (3) од овој член за која утврдениот минимум е 15 пчелни семејства.

(6) Корисници на директни плаќања се земјоделски стопанства кои ги исполнуваат барањата согласно Правилникот за Листа на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина.

(7) Во случај на несообразност со задолжителните барања или условите и посебните минимални услови за вкрстена сообразност од членот 49 на Законот за земјоделство и рурален развој, намалувањата или исклучувањата на корисниците од директните плаќања ќе се врши согласно член 57 од Законот за земјоделство и рурален развој.

Член 3

**Начин на директни плаќања**

(1) Директните плаќања во земјоделството за 2018 година ќе се извршуваат според поднесени барања за финансиска поддршка и рокови за поднесување на барањата со исклучок на подмерката 1.14. од член 2 став (2) од оваа уредба.

(2) Реализацијата на подмерката 1.14. од член 2 став (2) од оваа уредба ќе се врши според податоци за откупени количини необработен тутун од реколта 2017 година, внесени во Електронскиот систем за евиденција на тутун (ИСЕТ) најдоцна до 31.03.2018 година од страна на правни лица регистрирани во Регистарот на откупувачи на тутун.

(3) Административните проверки и контроли потребни за реализација на директните плаќања се вршат врз основа на податоци евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

(4) Спроведување на мерките за директни плаќања по површина се врши врз основа на барања кои треба да содржат податоци за површината на катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства. Максималната дозволена површина на катастарските парцели за кои се поднесува барање дополнително е ограничена со површината евидентирана во Системот за идентификација на земјишните парцели со утврдена употреба на земјоделско земјиште на земјоделското стопанство. Административните проверки се вршат врз основа на податоците за површината на катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства со состојба на 15 март 2018 година и со податоците за површините евидентирани во Системот за идентификација на земјишните парцели со состојба на 15 март 2018 година. При контролата на самото место утврдувањето на големината на површината на декларираната култура се врши на целокупната парцела евидентирана во Системот за идентификација на земјишните (СИЗП) и за сите СИЗП парцели, кои како подлога целосно или делумно ги имаат катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства и кои се наведени во барањето.

(5) Спроведување на мерките на директните плаќања во поглед на утврдување на бројната состојба на говеда, овци, кози и презимени пчелни семејства се вршат врз основа на податоци од Регистарот за идентификација и регистрација на домашни животни на денот на поднесување на барањето, а утврдување на бројна состојба на маторици и несилки врз основа на потврди издадени од регистрирани ветеринарни друштва.

(6) Спроведување на директните плаќања за подмерката 2.12. од член 2 став (3) на оваа уредба, во поглед на утврдување на бројната состојба на уматичени грла – маторици се врши врз основа на податоци од Матичната книга на Признатата организација на

одгледувачи на свињи запишана во Регистарот на Признати организации на одгледувачи на добиток, потврдени од Признатата организација на одгледувачи на свињи, а заверени од вршител на јавна услуга за спроведување на мерки и активности од Заедничката Основна Програма за Одгледување на Добиток (ЗОПОД).

(7) Спроведување на подмерката 2.15. од член 2 став (3) на оваа уредба се врши врз основа на:

- влезен ветеринарен документ издаден од официјален ветринар на граничен премин и ветеринарен здравствен сертификат издаден од надлежни служби на земјата на потекло при увоз на несилки и

- документ за движење на животните издаден од страна на овластено ветеринарно друштво за несилките продадени на територијата на Република Македонија, како и за несилките одгледани од еднодневни пилиња на самото стопанство при нивно префрлање од објект за одгледување на јарки во објект за одгледување на кокошки несилки.

(8) Спроведување на подмерката 2.19. од член 2 став (3) на оваа уредба се врши врз основа на податоци од Регистарот на одгледувалишта на пчели во Агенцијата за храна и ветеринарство, Регистарот на одобрени институции– Одгледувалишта на пчелни матици во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и податоци потврдени од вршителот на јавна услуга за спроведување на мерки и активности од Заедничката Основна Програма за Одгледување на Добиток (ЗОПОД).

(9) Кога барателот ги нема намирено финансиските обврски кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта по основ на користење на пасишта во државна сопственост и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија по основ на неплатен воден надоместок ќе се овозможи меѓусебно пребивање на ненамирените финансиски обврски со одобрениот износ на финансиска поддршка, по претходна согласност набарателот со поднесена изјава заверена на нотар дека е согласен ненамирените обврски да се пребијат со одобрената финансиска поддршка.

(10) Изјавата од став (10) на овој член барателот е должен да ја достави до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во рок од 20 дена од денот на доставување на известувањето за ненамирени финансиски обврски од став (10) на овој член од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

(11) Во случај кога барателот нема да достави согласност во рокот од став (10) од овој член, на истиот не му се исплаќа одобрениот износ на финансиска поддршка.

(12) Доколку одобрениот износ на финансиска поддршка на корисникот не е доволна за подмирување на сите обврски на корисникот утврдени во став (10) од оваа уредба, подмирувањето на обврските се врши по следниот редослед:

1. неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште,

2. склучени договори за користење на средства од компензациони фондови од странска помош за кои е надлежно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,

3. обврски по однос на неплатен воден надомест и

4. неплатен надоместок за користење на државни пасишта.

(13) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство доставува до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 15 јануари 2018 година за следните основи:

- неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште и

-склучени договори за користење на средства од компензациони фондови од странска помош за кои е надлежно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(14) Подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија доставуваат до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 15 јануари 2018 година по основ за неплатен воден надоместок.

(15) Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта доставува до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 15 јануари 2018 година за неплатен надоместок за користење на државни пасишта.

(16) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија податоците од ставовите (13), (14) и (15) наовој член ги доставуваат до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој по електронски пат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила наовaа уредба.

(17) Ажурирањето на внесените податоци врз основа на извршена уплата и/или технички грешки при пријавувањето на податоците за ненамирени финансиски обврски ќе го вршат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија.

(18) Податоците од ставовите (14), (15) и (16) од овој член кои ги доставуваат: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој треба да ги содржат видот на обврската, висината на обврската (главен долг и камата), основот од кој произлегува обврската, податоци за должникот (име и презиме/назив, ЕМБГ/ЕМБС), податоци за сметка на субјектот на која треба да се изврши исплатата на обврската и истите треба да бидат целосни, комплетни и валидни за да се сметаат за основ за вршење на пребивање.

(19) Спроведувањето на директните плаќања од точките 8), 9) и 10) од член 2 став (4) на оваа уредба, во поглед на утврдување на бројната состојба на говеда, овци и кози се вршат врз основа на податоци од Матичната книга на Признатата организација на одгледувачи, а заверени од вршител на јавна услуга за спроведување на мерки и активности од Заедничката Основна програма за Одгледување на добиток (ЗОПОД).

(20) Спроведување на директните плаќања точка 11) од член 2 став (4) на оваа уредба се врши врз основа на податоци од педигрето издадено од Кинолошки сојуз на Република Македонија.

(21) Спроведување на директните плаќања точка 12) од член 2 став (4) на оваа уредба се врши врз основа на податоци добиени од Регистарот на одгледувалишта на животни.

(22) Вкупниот максимален износ на директни плаќања по корисник пресметан во зависност од големината на површината на земјоделско земјиште, единицата земјоделски производ и бројот на грла добиток од подмерките од оваа уредба не може да биде поголем од 18.450.000 денари по корисник.

Член 4

**Рокови за поднесување на барања**

Крајните рокови за поднесување на барањата од член 3 на оваа уредба по одделни подмерки од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година се следни:

1. До 15 мај 2018 година за следните подмерки: 1.1., 1.3., 1.4., 1.5., 1.6., 1.8., 1.9.,1.11., 1.12., 1.13., 1.14., 1.15, 1.16., 1.17. и 1.18. од член 2 став (2), подмерки: 2.1., 2.2., 2.4., 2.5., 2.6., 2.7., 2.8., 2.9., 2.10., 2.11., 2.12., 2.13., 2.14., 2.16., 2.17., 2.18., 2.19. и 2.20. од член 2 став (3), точки: 1), 2), 3), 8), 9), 10), 11) и 12) од член 2 став (4) од оваа уредба.

2. До 31 октомври 2018 година за подмерка 1.2. од член 2 став (2) од оваа уредба.

3. До 25 декември 2018 година за подмерките 1.7. и 1.10. од член 2 став (2):, точките: 4), 5), 6) и 7) од член 2 став (4) од оваа уредба.

4. За подмерките 2.3. и 2.15. од член 2 став (3) од оваа уредба крајните рокови за поднесување на барања се според следните периоди:

- до 16 мај 2018 година во период од 1 октомври 2017 година до 31 декември 2017 година,
- до 15 јуни 2018 година во период од 1 јануари 2018 година до 31 април 2018 година и
- до 5 ноември 2018 година во период од 1 мај 2018 година до 30 септември 2018 година.

Член 5

Правните лица кои се занимаваат со откуп, преработка и трговија на примарни земјоделски производи и услуги за колење, потребните податоци за реализирање на директните плаќања согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година, на барање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги доставуваат во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-698/1
30 јануари 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

Прилог 1

Табела за минимално употребени количини семе
по хектар

| Вид | Минимална употребена количина на семе во кг./ха |
|---|---|
| Пченица | 180 |
| Јачмен | 160 |
| Тритикале | 180 |
| Рж | 180 |
| Овес | 120 |
| Ориз | 170 |
| Пченка | 15 |
| Сирак | 10 |

Прилог 2

Листа на засеани култивирани лековити,
ароматични и зачински растенија

1. Valeriana officinalis – мачкина трева (валеријана)
2. Inula helenium L. – оман (голем корен, волско око)
3. Ocimum basilicum L – босилек
4. Trigonella foenumgraecum L – грчко семе (пискавица, сминдух)
5. Angelica archangelica L. - ангелика
6. Digitalis lanata Ehrh. – волнест напрсток (бесник)
7. Chamomilla recutita L. /Matricaria chamomilla - камилица
8. Centaurea cyanus L. – синчец
9. Silybum marianum L. – (сикавица, дива артичока, бадељ)
10. Petroselinum crispum Mill. - магдонос
11. Calendula officialis L. - невен
12. Achilea millefolium L. – ајдучка трева
13. Echinacea purpurea ( angustiflia ) – сончев шешир
14. Plangato lanceolata L. – теснолистен тегавец
15. Hissopus officinalis L. - изоп
16. Pimpinella anisum L. - анасон
17. Foeniculum vulgare var. dulce Mill. – сладок анасон (феникулум)
18. Arnica montana - арника
19. Urtica dioica L. - коприва
20. Gentiana lutea L. - линцура
21. Verbascum phlomolides и Verbascum densiflorum – лопен
22. Malva silvestris L. – црн слез (див слез, голем слез)
23. Althaea officinalis L.– бел слез
24. Saturea hortensis (montana) L.– чубрица
25. Anetum graveolens L. - копар
26. Artemisia dracunculus– естрагон,
27. Coriandrum sativum L. – кориандер
28. Sinapsis alba L. – бел синап
29. Artemisia absinthium L. – пелин (бел пелин, питом пелин)
30.Cuminum cyminum L. –кумин
31. Carum carvi L -ким
32. Laurus nobilis L.-ловор

Прилог 3

Листа на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија

1. Lavandula angustifolia L. - лаванда
2. Melissa officinalis L. – маточина (пчелина трева, лимон трева)
3. Mentha piperitae L - нане
4. Salvia officinalis L. - жалфија
5. Hipericum perforatum L. - кантарион
6. Majorana hortensis (Origanum majorana ) L. – мајоран
7. Thymus vilgaris L. - тимјан
8. Thymus serpyllum L.-мајчина душичка
9.Rosmarinus officinalis L.-рузмарин
10. Origanum vulgare - оригано
11.Helichrusum italicum - смиље
12. Galeopsistetrahit L. - конопица

Прилог 4

Табела на декоративни и брзорастечки садници

| Р. Бр | Декоративни садници |
|---|---|
| 1 | Cerdus spp. |
| 2 | Chamaecyparis law. allumi |
| 3 | Chamaecypariselwodi |
| 4 | Chamaecyparis law. columnaris |
| 5 | Cupressus spp. |
| 6 | Criptomeria japonica |
| 7 | Juniperusretinospora |
| 8 | Juniperus com hibernika |
| 9 | Juniperushorizontalis |
| 10 | Juniperusskyrocel |
| 11 | Juniperus chin. blue variety |
| 12 | Pinusmugo |
| 13 | Pinus spp. |
| 14 | Piceapungens |
| 15 | Piceaexcelsa |
| 16 | Sequoin gigantean |
| 17 | Taxus spp. |
| 18 | Thuja occ. plicata |
| 19 | Thuja occ. rozentalie |
| 20 | Thuja occ. wudvordii |
| 21 | Thuja occ. reingold |
| 22 | Thuja occ. plicata |
| 23 | Thuja occ. berkman |
| 24 | Thuja occ. Smaragd |
| Брзорастечки растенија | |
| 1 | Paulownia |
| 2 | Paulownia Elongata |
| 3 | Paulownia Tomentoza |

Прилог 5

Табела за минимален број на овошки - садници по хектар за постоечки производни овошни насади по овошни видови

| Ред. број | Овошен вид | Прифатливиот број на садници по хектар е над |
|---|---|---|
| 1. | јаболка | 400 |
| 2. | круши | 330 |
| 3. | дуњи | 500 |
| 4. | мушмула | 550 |
| 5. | слива | 330 |
| 6. | праски | 330 |
| 7. | кајсија | 400 |
| 8. | цреши | 240 |
| 9. | вишна | 500 |
| 10. | орев | 70 |
| 11. | бадем | 330 |
| 12. | лешник | 270 |
| 13. | питом костен | 200 |
| 14. | актинидија (киви) | 550 |
| 15. | маслинка | 330 |
| 16. | калинка | 620 |
| 17. | јапонско јаболко | 330 |
| 18. | смоква | 500 |
| 19. | аронија | 1400 |
| 20. | боровинка | 2200 |
| 21. | шип | 1660 |
| 22. | рибизла | 3330 |
| 23. | малина | 8000 |
| 24. | капина | 1250 |
| 25. | јагода | 31000 |
| 26. | гоџи бери | 2500 |